Информација,

Државната матурска предметна комисија во изготвувањето на тестовите за матурскиот испит по англиски јазик за испитните сесии **јуни/август 2021** ја зедоа предвид скратената наставна програма за четврта година по англиски јазик.

Во согласност со насоките од скратената наставна програма произлезе дека една задача (поврзување наслови со текст/поврзување прашања од интервју со одговор) е отстранета од тестот за матурскиот испит и наместо осум (8) задачи, тестот ќе содржи седум (7) задачи.

Во делот пишување, направена е адаптација на задачата есеј. Затоа ги советуваме матурантите да се подготвуваат за оваа задача по примерот даден во наставната програма по англиски јазик за трета година.Примерот се наоѓа на страница 23. **Напомена: опсегот на зборови во кој се очекува матурантите го напишат својот одговор е 200-220**.

Сите останати содржини во тестот од матурскиот испит по англиски јазик за испитните сесии јуни/август 2021 се прилагодени согласно содржините кои ги изучуваат во оваа учебна година или ги изучувале во минатата учебна година.Испитната програма за англиски јазик е валидна за споменатите останати содржини во тестот и во оваа учебна година.

**Препорака за учениците – идни матуранти**

Идните матуранти:

- не треба да препишуваат и не треба да дозволат друг да препишува од нив;
- не треба да користат туѓи (веќе напишани од друго лице) текстови или реченици;
- не треба да преземаат готови информации од различни извори, дури и ако се работи за познати мисли од некоја книга, од некоја личност - тоа се смета за литературна кражба - плагијат.

За секој преземен текст ќе треба да се наведе изворот. Во процесот на прегледување на тестовите оценувачите се тие кои ќе го воочат тоа, па во таква ситуација целиот тест ќе се вреднува со 0 поени. Поставените материјали на нашата веб-страница www.matura.gov.mk или на www.dic.edu.mk кои се однесуваат на наведените наставни предмети учениците ќе може да ги користат за успешна подготовка на матурскиот испит, заедно со насоките кои учениците ги добиваат од своите професори во наставниот процес. Во интерес на успешна реализација на испитот и на остварување подобри резултати, ве информираме дека со прашања и сугестии ќе можете да се обраќате на координаторите за матура од ДИЦ, на следнито имејл: matura@dic.edu.mk